Уп. бр.08-67

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Пиомбино Гроуп а.с., со регистрирано седиште на адреса Генерала Пику 430/26, Дејвице, 160 00 Прага 6, Република Чешка, преку полномошник Георги Димитров, Адвокатско друштво од Скопје, на седницата одржана на ден 15.04.2024 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Пиомбино Гроуп а.с., со регистрирано седиште на адреса Генерала Пику 430/26, Дејвице, 160 00 Прага 6, Република Чешка, стекнува самостојна контрола над друштвото УРЦ Системс, спол. с.р.о., со регистрирано седиште на адреса Враховицка 825/156б, Враховице, 798 11 Простејов, Република Чешка, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 21.03.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на Пиомбино Гроуп а.с., со регистрирано седиште на адреса Генерала Пику 430/26, Дејвице, 160 00 Прага 6, Република Чешка, со која Пиомбино Гроуп а.с. стекнува самостојна контрола над друштвото УРЦ Системс, спол. с.р.о., со регистрирано седиште на адреса Враховицка 825/156б, Враховице, 798 11 Простејов, Република Чешка.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото, го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

**Пиомбино Гроуп а.с.** е друштво кое припаѓа на ЈХ Групацијата, базирана во Република Чешка. Основен дел од ЈХ Групацијата е Рокавеј Групацијата. Деловните активности на Рокавеј Групацијата примарно опфаќаат електронска трговија, онлајн туристички услуги, финансиски технологии, објавување на книги и други медиуми, ризичен капитал и инвестиции во развој на недвижности.
ЈХ Групацијата во Република Северна Македонија е присутна преку Џирафа Групацијата, над која остварува заедничка контрола. Џирафа Групацијата оперира со алатка за пребарување на албански јазик, платформа за видеа/вести, онлајн маркетнг платформа и платформа за електронска трговија фокусирана на Албанија, Косово и Република Северна Македонија.
Групацијата на Подносителот е присутна во Република Северна Македонија преку зависното друштво:

- Друштво за електронска трговија и услуги ЏИРАФА ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на адреса Јадранска магистрала бр. 86, Скопје.

**УРЦ Системс, спол. с.р.о.** е основано во 1998 година со цел имплементација на решенија поврзани со одбрана. Поточно, Целното друштво нуди решенија во следните области: борбено електронско извидување и набљудување, заштитно и комуникациско попречување на радио-сигнали, мерки против дронови и државни безбедносни сили. Целното друштво им обезбедува сеопфатен синџир на вредност на своите клиенти, вклучително истражување и развој, производство, пост-продажни услуги и едукација и тренинг на корисниците.
УРЦ Системс, спол. с р.о. нема зависни друштва и не е присутно на пазарот на Република Северна Македонија на ниту еден начин.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната

конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Ана Николоска